Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), во врска со членовите од 137 до 145 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15 и 33/15), и член 27 на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/08 и 85/09), во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-2315/5 од 30.03.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 13-та седница одржана на 30.03.2015 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година

## Член 1

Во Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, ставот 2 од членот 11, се менува и ќе гласи:

"Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги користи во денови коишто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести директорот на Агенцијата, преку известување доставено до својот непосредно претпоставен, односно раководител на одделение/раководител на сектор, најдоцна три дена пред користењето."

## Член 2

Во Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, ставот 2 од членот 12, се менува и ќе гласи:

"Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели."

## Член 3

Сите останати одредби од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, остануваат неизменети.

**Член 4**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.** 01-1879/2
31.03**.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**